Б - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Име на компанијата:

Друштво за преработка на пластични маси и хемикалии и градежништво СИЛПЕН СТ ДООЕЛ Кратово

Адреса:
ул.Гоце Делчев 70 Кратово,локација на инсталација с.Трновац,Општина Кратово

Поштенски број и град:

1360 Кратово

Број на дозвола
УП1 12-49

Општина : Кратово
Дозвола : УП1 12-49
Датум на издавање на дозволата: 08.06.2022год.

СОДРЖИНА НА БАРАЊЕ ЗА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Б-Интегрирана еколошка дозвола..... 1

Содржина.....2

Вовед.....4

I.Општи информации.....5

II.Опис на техничките активности.....7

II.1Опис на локацијата.....7

II.2 Опис на инсталацијата.....8

III.Управување и контрола.....13

III.1 Опис на раководните работни места.....13

III.2Обуки.....13

IV.Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени

Во инсталацијата.....14

V.Цврст и течен отпад.....16

V.1Општи информации.....16

VI.Емисии во атмосферата.....20

VI.1Емисии на гасови од процесот на производството.....20

VI.2Фугитивни емисии.....20

VII.Емисии во површински води и канализација.....22

VIII.Емисии во почва.....23

IX.Земјоделски и фармерски активности.....24

X.Бучава,вибрации и нејонизирачко зрачење.....25

X.1Општи информации.....25

XI.Точки на мониторинг на емисии и земањепримероци.....28

XII.Програма за подобрување.....30

XIII.Спречување хаварии и реагирање во итни случаи.....32

XIII.1Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина……33

XIII.2Упатство за подготвеност при итни вонредни состојби……35

XIII.План за реагирање при инцдентни случаи……37

XIV.Ремедијација,престанок со работа,повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите……39

XIV.1Делумен и времен престанок со работа и повторно активирање……40

XIV.2Целосен престанок со работа……40

XIV.3План за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затварањето……41

XV.Резиме без технички детали……44

XVI.Изјава……48

Прилози

Прилог I.1-Копија од Решение од Централен регистер и тековна состојба

Прилог I.2-Имотен лист

Прилог I.3-Сателитска снимка на локацијата

Прилог II.1-Скица на објектите

Прилог II.2-Основа на внатрешноста на објектите со планови за евакуација

Прилог III-Организациона шема на Силпен СТ ДООЕЛ Кратово

Прилог IV.1-Фактура од ЕВН за месечна потрошувачка на електрична енергија

Прилог IV.2-Фактура од Силком дооел Кратово за месечна потрошувачка на вода

Прилог IV.3-безбедносни листи за употребувани хемикалии

Прилог V-Договор за преземање на неопасен отпад

ПрилогVI.1-Извештај од мерења на хемиски штетности во работна средина

Прилог VI.2-Извештај од мерења на квалитет на амбиентен воздух

Прилог X -Извештај од мерењата на ниво на бучава

Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Закон за животната средина(,,Службен весник на РМ,,бр. 53/05,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), за работа на инсталација што извершува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за „Определување на исталаци за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови“, до одобреното ниво во Дозволата.

Краток опис на инсталацијата регулирана со ова дозвола:

Друштвото за преработка на пластични маси и хемикалии и градежништво СИЛПЕН СТ ДООЕЛ Кратово е друштво со ограничена одговорност со приоритетна дејност 20.59-Прроизводство на други хемиски производи,неспомнати на друго место.

Инсталацијата е лоцирана во атарот на селоТрновац на парцелата КП 2844/1КО Трновац место викано Рамниште која зафаќа површина од 74.015,39 м^2.Во кругот на СИЛПЕН СТ ДООЕЛ има 8 самостојни деловни објекти. Кругот е ограден со метална и жичанао града. Лево и десно од влезот се наоѓаат административната зграда и производни објекти како е прикажано во шематскиот приказ.

Пред влезот во фабриката, од источната страна и западната страна има паркинзи. Сообраќајниците кои водат до влезот на СИЛПЕН СТ ДООЕЛ се широки асфалтирании проодни во секое време на денот.

Објектот претставува градежно-техничко-технолошка целина со посебно одвоени и опремени простори за бараната намена.

1.Административна зграда

Се наоѓа десно од главниот влез во фабриката како самостоен објект опкружен со парк и сообраќајници. Во состав на административната зграда се наоѓа пријавницата. Изградена е на приземје со површина од околу 330м^2 со бетонски под, и со армирано-бетонска скелетна конструкција,со столбови и греди. Надворешните ѕидови се од цигла со дебелина од 25см, а преградните ѕидови се од цигла дебелина 12см. Висината на објектот е околу 5м. Служи за административни работи и во неа работат околу 8 лица.

2.Хала 6–хала за буриња(во иднина : финално производство на душеци)

Халата се наоѓа десно од главниот влез во фабриката на околу 300м како самостоен објект. Зафаќа површина од 2160м^2.

Изграден е од армирано бетонска конструкција со столбови 30х60 висина 8м. Надворешните ѕидови се од фасадна блок цигла со дебелина 25см , висина 1,8м и ѕид од армирано стакло во висина од 2м. и панел висина 1,5м. Преградните ѕидови се од цигла малтерисани со дебелина 25см. Кровната конструкција е метална поставена на армирано бетонските столбови.

Во објектот има канцеларии со тоалети со површина од околу 165м^2, рампа со површина од 200м^2 за истовар и утовар, производствен погон за душеци со површина од околу 1200м^2 и магацински простор со површина од 600м^2. Висината на објектот е 12м. и во него работат околу 15 лица.

- 3.Хала 5 -Силмас(Кројачница за сунѓер)

  Се наоѓа десно од главниот влез во фабриката на околу 250м. Како самостоен објект. Зафаќа површина од околу 1100м^2.

  Составен е од хала за кроење и површина од околу 720м^2, и магацин со површина од околу 350м^2, На левата страна од влезот во магацинот има тоалети и мокри чвор.

  Изграден е од метална конструкција со ѕидови од панели дебелина 12см. Ѕидовите на магацинот и внатрешниот ѕид се од панели комплет без прозорци. Кровната конструкција е од метал и двоводен покрив од панели со отпорност на пожар од околу 30 минути.

  Влезот во кројачницата е од источната страна по средина на објектот. Влезот во магацинот е од по средината на преградниот ѕид од кројачницата. Висината на објектот е околу 8м. Во неа работат околу 15 лица.

- 4.Хала 1–Погон за пенење на сунѓер

  Се наоѓа десно од главниот влез во фабриката на околу 150м како самостоен објект. Зафаќа површина од околу2300м^2.

  Составен е од погон за пенење на сунѓер кој зафаќа површина од околу 1100м^2, влезот во погонот е од источната страна. Од левата страна од влезот по средина на погонот има врата за влез во магацинот за хартија, кој зафаќа површина од околу 190м^2. Од десната страна на погонот се наоѓа хемиски магацин со површина од околу 140м^2, надстрешница за технички материјали, со површина од околу 260м^2, лабараторија со површина од околу 160м^2, магацин за делови со површина од околу210м^2 и лабараторија со површина од околу 70м^2.

  Од северната страна на погонот од страната на хала 5 се наоѓа просторија со површина од околу 230м^2, со надземни цистерни за складирање на сировини(полиол). Целиот објект е изграден од армирано бетонска конструкција со столбови дебелина 50х50 и висина од околу 10м. Сите ѕидови се направени од блокови малтерисани ѕидови дебелина 25см. Кровната конструкција е метална поставена на столбовите. Висината на објектот е околу 12м. Во неа работат околу 5 лица во прва смена и 5 лица во втора смена.

- 5.Кран

  Кранот за разнесување на материјалите и сировините и покриена лента по кој се пренесува сечен сунѓер се наоѓа на околу 200м право од главниот влез во фабриката на празен простор со површина од околу 1850м^2.

  6.Хала 2

  Лево од кранот на околу 50м од хала 1 се наоѓа хала 2 со вкупна површина од околу 4700м^2, во која се сместени просторија за созревање на блокови во регали, со површина од околу 900м^2, просторија за лагерирање на блокови на регали, со површина од околу 900м^2, Линија за сечење на фолија, простор за кроење на блокови со површина од околу 2300м^2 и рампа со површина од околу 600м^2.

  Хала 2 е изградена од метална конструкција. Кровната конструкција е метална со кров од панели. Висината нао бјектот е околу 12м. Во неа работат околу 7 лица во прва смена и 7 лица во втора смена.

- 7.Хала 3-Доработка на сунѓер

  Се наоѓа лево од главниот влез во фабриката на околу 40м како самостоен објект. Зафаќа површина од околу 1812 м^2. Составен е од хала за доработка на сунѓер кој има влез од северната страна.

  Целиот објект е изграден од армирано бетонска конструкција со столбови дебелима 50х50 и висина од околу 8м. Сите ѕидови се направени од блокови малтерисани ѕидови со дебелина 25см. Кровната конструкција е метална поставена на столбовите и кров од панели. Висината на објектот е околу 8м. Во Хала 3 работат околу 15 лица во прва смена и 15 лица во втора смена.

- 8.Хала 4–Готов производ

  Хала 4 се наоѓа лево од главниот влез во фабриката на околу 100м како самостоен објект и зафаќа површина од околу 1800 м^2,

  Составен е од хала за отпаден сунѓер со површина од околу 750м^2, два дела за готов производ со површина од околу 600м^2, има влез од северната страна. Целиот објект е изграден од армирано бетонска конструкција со столбови од околу 8м. Сите ѕидови се направени од блокови со дебелина 25см. Кровната конструкција е метална поставена на столбовите и кров од панели. Висината на објектот е околу 8м. Во неа работат околу 5 лица во прва смена и 5 лица во втора смена.

- Трпезарија,гардероби и санитарен јазол

  Изграден е од армирано бетонска конструкција, покривот е од метал. Служи за престој на вработените за време на оброци.

- Столарска работилница

Се наоѓа во склоп на објектот на трпезаријата и гардероби со површина од околу 100м^2. Изграден е од армирано бетонска конструкција со ѕидови од блокови со отпорност на пожар од околу1,5 час и прозори, покривот е од метали покрив од лим со отпорност на пожар од околу 0,5 час. Служи за столарска обработка.

- Главна трафостаница

Се наоѓа како самостоен објект веднаш до управната зграда. Тоа е приземен објект. Изграден е од цврста градба. Површината изнесува околу 20м^2 . На примарната страна е со напонско ниво од 1630кV.

Други интегрирани дозволи поврзани со ова инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозвола	Датум на издавање
нема		

Замени дозволи/овластување поврзани со ова инсталација		
Сопственик	Референт број	
Нема		

Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локална самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатомошен текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозвола.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса плоштад Павел Шатев бр.1 Кратово,Општина Кратово.

Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животната средина.Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Закон за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара иземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл 55 ст.2, точка 4.Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

Промени во дозволата

Ова дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управување со отпад,тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

ПРЕГЛЕД НА БАРАНИ И ДОСТАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

Предмет	Број и Датум	Коментар
Барање	УП1 12-49 од 21.02.2022година	од операторот
Доставен Заклучок за дополнување на барање	УП1 12-49 од 28.02.2022 година	доставено до операторот
Доставено известување за дополнување на барањето	УП1 12-49 од 14.03.2022 година	доставено од операторот
Доставено Известување за плаќање надоместок за поднесување на барање	УП1 12-49 од 16.03.2022 година	доставено до операторот
Објава на Барање за добивање на Б -ИСКЗ	УП1 12-49 од 24.03.2022 година	Барање доставено до дневен печат Вечер
Објава на Нацрт Б-интегрирана еколошка дозвола	УП1 12-49 од 06.05.2022 година	Барање доставено до дневен печат Вечер
Известување за објава на Нацрт Б-интегрирана еколошка дозвола и доставување на истата до операторот	УП1 12-49 од 06.05.2022 година	Нацрт Б-интегрирана еколошка дозвола е доставена до операторот на ден 09.05.2022 година
Решение за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола	УП1 12-49 од 08.06.2022 година	Изготвено решение

ЗАКОН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ДОЗВОЛА

Број на дозвола

Бр.УП1 12-49

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со чл 95 од Законот за животна средина (,,Службен весник,, Бр 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), го овластува

Оператор: Друштво за преработка на пластични маси и хемикалии и градежништво СИЛПЕН СТ ДООЕЛ Кратово

Регистрирано седиште на

Адреса: ул.Гоце Делчев бр.70 Кратово

Држава: Република Северна Македонија

Број на регистрација на компанијата : ЕМБС: 6104800 и ЕДБ: 4014006103826

Да раководи со Инсталацијата

Цело име на инсталацијата: Друштво за преработка на пластични маси и хемикалии и градежништво СИЛПЕН СТ ДООЕЛ Кратово

Прилог 2
Точка 4-Хемиска индустрија
Под точка 4.1.Сечење полиуретанска пена или полиуретански еластомер со загреана жица
Адреса на инсталацијата: село Трновац,општина Кратово

Општина:Кратово, Поштенски број:1360

Во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
ТОДОРЧЕ НИКОЛОВСКИ

(Име на овластено лице)

Датум

08.06.2022год.

Услови

1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

Табела: 1.1.1		
Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активиностите на инсталацијте за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план	**Опис на наведена активност**	**Граници на наведена активност**
Прилог 2 **активности кои се предмет на барањето** **Прилог2** **Точка 4-Хемиска индустрија** **Под точка 4.1.**Сечење полиуретанска пена или полиуретански еластомер со загреана жица	Сечење полиуретанска пена или полиуретански еластомер со загреана жица, до 5000 т/годишно	N: $42^0$02’13’’ E: 21^0 17’45’’

1.1.1 Активности овластени во услови 1.1.1 ќе се одвиват само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2

Табела :1.1.2	
Документ	**Место во документацијата**
Решение од централен регистар Барање за добивање на Б-ИСКЗ Како и катастарска скица на локацијата и имотен листдадени во Барањето	Барањето за добивање за Б – ИСКЗ **УП1.12-49 од 21.02.2022** Барањето за добивање Б-ИСКЗ **УП1.12-49 од 21.02.2022** Барањето за добивање Б-ИСКЗ **УП1.12-49 од 21.02.2022**

1.1.2 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во Барањето,без претходно писмено одобрение од Надлежниот орган.

1.1.3 Инсталацијата за која се издава дозволата ќе ги исполни сите услови наведени во дозволата согласно пропишаните рокови од страна на надлежниот орган.Сите мерки,планови и програми кои треба да се извршат според условите во дозволата стануваат составен дел од оваа дозвола.

1.1.4 Ова дозвола е само за потребите на Интегрираното спречување и контрола на загадувањето според Закон за животна средина (,,Службен весник на РМ,, Бр 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18)и ништо во оваа дозвола не го ослободува операторот од обврските за исполнување на услови и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.5 Надлежниот орган е должен,редовно, секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени.

1.1.6 Операторот поднесува барање за обновување на Б-интегрираната еколошка дозвола до надлежниот орган најдоцна една година пред истекот на временскиот период.

2. Работана инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

Табела 2.1.1 Управување и контрола

опис	документ	дата кога е примен
Опис на раководните работни места	Прилог III.1	21.02.2022
Обуки	Прилог III.2	21.02.2022

2.1.2 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како е опишано во барањето за добивање на дозвола, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.3 За целата инсталацијата, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.4 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно, обучен.

2.1.5 Операторот има назначено лице одговорно за прашањата од животната средина кое е соодветно обучено, а ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.6 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина ако тоа евентуално се случи.

2.1.7 Операторот при управување со инсталацијата во континуитет ќе ги одржува воспоставените стандарди и ќе води грижа за намалување на влијанието врз животната средина.

2.1.8 Копијата од ова Дозвола, како и оние делови од барањето кои вклучени во дозволата ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата која е поврзана со условите во Дозволата.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за сите вработени, чија работа може да има значителновлијание врз животната средина.Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.10 Операторот ќе воспостави програма за комуникација со јавноста за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата со животната средина од Операторот во секое време.

2.1.11 Операторот е должен за спроведување на програмата за подобрување, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталавијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, да развие процедура за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.12 Операторот ќе подготви распоред на целите и задачите за животна средина.Распоредот, како минимум ќе обезбеди преглед на сите операции и процеси, вклучувајќи и проценка на практичните опции за ефикасност на енергијата и другите ресурси, употреба на почиста технологија, почисто производство и превенција, потоа спречување, редукција и минимизирање на отпадот, како и вклучување на цели за намалување на отпадот.Распоредот ќе вклучува временски рамки за достигнувањето на поставените цели и ќе се однесува на период од минимум 5 (пет) години.Распоредот ќе се разгледува годишно на секои 12 месеци и сите измени треба да се пријават кај

Надлежниот орган, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС).

2.1.13 Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за унапредување со животната средина (ПУЖС), во којашто ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина.Таа ке содржи:

-Распределба на одговорностите за задачите;

-Средства со кои тие може да се остварат ;

-Време во кое тие може да се достигат.

ПУЖС ќе разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС).Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорните цели.Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум)години и ќе се достапни за овластениот општински спектор за животна од Надлежниот орган.

2.1.14 Операторот ќе воспостави и одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема, која ќе има ефект врз состојбата со животната средина, врз основа на инструкциите на опремата.Соодветни записи за дијагностичко тестирање на опремата треба да се чуваат за да послужат како подршка на програмата за одржување.Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.1.15 Операторот е должен секое отстапување од нормалните услови во кои што се одвива процесот даго документира и анализира за да се идентификува соодведни корективна активност.

2.2.Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучуваќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела **2.2.1,** или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата	Барање за Б-ИСКЗ Поглавје IV	УП1.**12-49 од 21.02.2022**

2.2.2Операторот ќе ги чува суровинитезаштитени во посебни складишта,во простории за чување(магацини), со соодветен температурен режим и влажност, согласно препораките на производителот.

2.2.3 Операторот ќе ги одели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.4 Суровините ќе бидат пакувани според упастствата и препораките од производителот и упатството за безбедно пакување со материјалите.

2.2.5 Транспортниот систем треба да биде контролиран и инспектиран регуларно, со што не би ималорастурање/дисперзија на материјалот.Операторот треба да ги евидентира сите недоследости и записите од истите да ги чува.

2.2.6 Во опфатот на локацијата опасни супстанции се складирани и во минимални – ограничени количества кои требада обезбедат тековна и безбедна работа на постројката. Доколку инсталацијатаима потреба оддополнителна опрема, таа ќе биде складиранаво соодветни магацини.

2.3 Пакување искладирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе пакува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 , или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела : 2.3.1 : Пакување и складирање на отпадот		
опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Цврст и течен отпад	Проглавје V,Барање за добивање Б-ИСКЗ	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**

2.3.2 Отпадот ќе се складира на посебно определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекнување на течностите.Отпадот да биде јасно означен и соодветно одделен.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури , операторот ќе вклучи чистење на локацијата и минимизирање на отпадот на местото на негово генерирање (секаде каде е можно).

2.3.4 Операторот со отпадот ќе постапува соодветно и на начин со кој ќе нема да се дозволи загадување на животна средина , водата, воздухот и почвата.

2.3.5 Операторот е должен со отпадот да постапува на следниот начин : да го селектира, да го класифицира, да го предаде на правно или физичко лице, овластено за собирање, транспорт, преработка, отстранување и / или известување на истиот.

Табела : 2.3.2 : Отпад создаден и третиран на локацијата		
опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Отпад создаден и третиран на локацијата	Проглавје V.1,Барање за добивање Б-ИСКЗ	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, и Табела 2.3.2 или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво интерен отпад.

2.4.3 Отпадот во границите на локацијата ќе биде времено складирање најмногу до 6 месеци од денот на неговото складирање.

2.4.4 Операторот поседува Договор за преземање на неопасен цврст отпад склучен со НУТРИВЕТ ДООЕЛ од Скопје.

2.4.5 За зафаќање на отпадните и фекалните води од тоалетите има соодветно изградена септичка јама.

2.4.6. Инертниот отпад може да се чува на границите на инсталацијата

Табела: 2.4.1 Искористување и отстранување на отпадот		
Опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Во инсталацијата нема да се вршат операции на преработка на цврстиот отпад		

2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот согласно условите од дозволата,ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии,онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 или друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела : 2.5.1 : Спречување хаварии и реагирање во итни случаи		
опис	**Документ**	**Дата кога е примено**
Спречување хаварии и реагирање во итни случаи	Проглавје XIII.,Барање за добивање Б-ИСКЗ	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**

Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина	XIII.1	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
Упатство за подготвеност при итни вонредни состојби	XIII.2	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
План за реагирање при инцидентни случаи	XIII.3	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**

2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг , ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела : 2.6.1 Точки на мониторинг на емисии и земање примероци

Опис	Документ	Дата кога е примено
Точки на мониторинг на емисии и земање примероци	Проглавје XI.,Барање за добивање Б-ИСКЗ	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
Фреквенција и начин на мониторинг на воздух	Барање за добивање Б-ИСКЗ,Табела XI.2 Прилог VI.2 Извештај од мерења на квалитет на амбиетен воздух Извештај број 241-И/21 од Фармахем ДООЕЛ	16.12.2021
Бучава	Барање за добивање Б-ИСКЗ,Табела XI.3 Прилог X Извештај од мерењата на ниво на бучава Извештај број 241-Б/21 од Фармахем ДООЕЛ	16.12.2021
Точките на мониторингот се определени со следните координати согласно со националниот систем	Барање за добивање Б-ИСКЗ,табела XI.4 Табела бр.AI.1	16.12.2021

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земење примероци/ моноторингот да биде изведено во релација со точките на емиси наведени воПрилог VI.2 и Прилог X.

б) безбеден пристап до други точки на земање примероци / мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежнкиот орган.

2.6.3 Земање примероци и анализите ќе се изведува споредакредитирани методи за секој параметар соодветно.

2.7 Престанок на работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е пишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела: 2.7.1 Престанок на работа		
Опис	**Докумет**	**Дата кога е примено**
Ремедијација, престаноксоработа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите	Поглавје XIV Барање за добивање Б-ИСКЗ	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
Делумен и времен престанок со работа и повторно активирање	XIV.1	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
Целосен престанок со работа	XIV.2	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**
План за целосен или делумен престанок со работа и грижа по затворањето	XIV.3	УП 1.12-.**49 од 21.02.2022**

2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор или,

3.Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за :

а) Секоја неисправност , дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклуќувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата.Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел:

б) Целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекциски од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

а) да бидат читливи

б) да бидат направени што е можно побрзо:

в) да ги вклучат сите дополнување и сите оригинални документи кои можат да се приложат

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклуќувајчи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучујаќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

а)состав на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

б)најдобрапроценка на количината создаден отпад

в)трасата на транспорт на отпдот за одлагање и

г)најдобра проценка на количина отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за која што се издава дозволтата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдење за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

4.Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола,операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а) Во однос на наведените емисиони точки;

б) За периодите за кои се однесуваат извештаите наведени воТабела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в) Давањето на податоци за ваквирезултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тиеТабели ; и

г) Испраќање на извештај од Надлежниот орган во рок од :

-14 дена после извршеното мерење на концентрацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (ПМ10)
- 14 дена после извршеното мерење на бучавата .

5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:
а) Кога ќе забележи емисија на некоја супстанцакоја го надминува лимитот или критериумот на ова дозвола, наведен во врска со таа супстанција;
б) Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да придизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да придизвика загадување;
в) Кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројка или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика; и
г) било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување;

5.1.2 Операторот ќе даде писмено инзвестување што е можно побрзо, за секое од следниве;

а)Перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталацијата, за која се издава дозволата ;
б) Престанок на работата на билокој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;
в) Повторно стартување на работата на некој дел или целата инстлација за која што се издава дозволата, по престанок по известување според 5.1.3 б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:
а) било каква промена на трговско име на Операторот, регистарско име или на адреса на регистрираната канцеларија;

б) промена на податоцитеза холдинг на компанијата на операторорт (вклуќувајчи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в) за активиности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или оштетен.

6.Емисии

6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката (ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извори(и) наведен(и) во таа табела.(Според мапата број)

Табела; 6.1.1 Емисии во атмосферата		
Ознака на точка на емисија/опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
Емисии во атмосферата	Поглавје VI Барање за добивање Б-ИСКЗ	N 42 02 13 E 21 17 45
Емисии на гасови од процесот на производство	VI.1	
Фугитивни емисии	VI.2	

6.1.2 Граници на емисиите во воздух за параметрото(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатена програма за подобрување во поглавјето 8 од ова дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, на точка на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

6.1.5 Емисиитеодинсталацијатанетребадасодржатнападенмириснадвородграниците наинсталацијата.

6.1.6 Емисиите во воздухот,освен пареа и кодензирана водена пареа,не треба да содржат капки од перзистентна магла и презистентен чад.

6.1.7 Операторот нема да ги надминува граничните вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање,рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, цели вредности и долгорочни цели (,,Службен весник на Р.М,, бр.50/05).

6.1.8 Согласно член 47 став 1 од Законот за Амбиентен воздух (,,Службен весник на Р.М,, бр.100/12, 163/13, 10/15, 146/15), правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки субстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени со државната и /или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на

амбиентниот воздух како и да постават во најблиската станбена зона која се наоѓа во правецот на ветерот најмалку една мерна станица за квалитетот на амбиентниот воздух согласно со интегрираната еколошка дозвола.

6.1.9 Граничната вредност за нивоа на концентрации на суспендирани честички со големина од десет микрометри (ПМ10)во амбиентен воздух согласно Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанциво амбиентиот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (,,Службен весник на Р.М,,бр.50/05) изнесува 50µg/м3 и не треба да се надминува.

6.1.10 Се задолжува операторот еднаш годишно да врши мерење на концентрацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (ПМ10) и тоа во текот на летните месеци кога се работи со полн капацитет и Извештајот од извршеното мерење да го достави до Надлежниот орган.

Табела; 6.1.2 Граница на емисиите во воздух

Параметри	**Ознака на точка на емиси**				**Фреквенција на мониторинг**
	В1		В2		
	До(Датум)	Од (датум)	До (Датум)	Од (Датум)	Еднаш Годишно
	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	
PM10	50 µg/м3				

6.1.11 Емисиите не треба да содржат видлив чад.

6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе извести за секоја напредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот е должен уредниот двор да го одржува чист, нема да се дозволи растурање на интерен отпадод рушење , поправки и слични актовности.

6.2.4 Во рамките на инсталацијата операторот нема да врши сервисирање на возила и машини.

6.3 **Емиси во вода (различни од емисиите во канализација)**

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнува само од извор(ите) наведени во таа Табела.

Табела : 6.3.1 Емисии во површински води и канализација		
Ознака на точка на емисија	**Извор**	**Количество**
Емисии во површински води и канализација	Поглавје VII Барање за добивање Б-ИСКЗ	

Додадете редови и/или колони по потреба

6.3.2 Операторот ќе изведува мониторинг на параметри наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисиија и најмалку на фрекфенции наведени во таа табела.

Табела: 6.3.2 Граници на емисија во вода					
Параметар	**Точка на емисија**		**Точка на емисија**		**Фреквенција на мониторинг**
	Од (датум)	Од (датум)	Од (датум)	Од(датум)	
	Вредност	Вредност	Вредност	Вредност	
При редовна работа нема емисии од технолошки отпадни води и поради тоа не е предвиден мониторинг на води					

6.3.3 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозвола, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата

6.3.4 Операторот ќе зама примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција

6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа табела.

Табела: 6.4.1 Точки на емисија во канализација		
Ознака на точката на емисија	**Извор**	**Канализација**
Нема емисии во канализација		

6.4.2 Нема да има испиштање на било какви супстанци кои може да предизвика штета на канализацијата или да имат влианије на нејзиното одржување.

Табела: 6.4.3 Барање за мониторинг за канализациј(се до и вклучујвајќи и.)		
Параметар	**Точка на емисија**	**Точка на емисија**
При редовна работа нема испуштање на технолошки отпадни води и поради тоа не е предвиден мониторинг на води во канализација		

6.4.3 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталација за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во вода.

6.5 Емисии на топлина

Нема

6.6 Емисии на бучава и вибрации

Табела; 6.6.1 Бучава,вибрации и нејонизирачко зрачење		
Ознака на точка на емисија/опис	**Извор**	**Локација на точката на емисија**
Бучава,вибрации и нејонизирачко зрачење	Поглавје X Барање за добивање Б-ИСКЗ	N 42 02 13 E 21 17 45

6.6.2 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации, и нејонизирачко зрачење чии влијанија би се одразиле штетно на животната средина.

6.6.3 Граничните вредности на емисиите на Бучава се пропишани согласно член 3 од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (,,Службен весник на Р.М,, бр.147/08) и тоа Лд =70 дБ, Лв=70 дБ и Лн = 60 дБ.

6.6.4Операторот ќе врши едно мерење на бучававо тек на календарска година во услови кога инсталацијата работи со полн капацитет и Извештајот од истото ќе го достави до Надлежниот орган

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Нема

8.Програма за подобрување

8.8.1Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.8.2, заклучно со датум наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од извршување на секоја од тие мерки.

Табела : 8.8.2 Програма за подобрување		
Ознака	**Мерка**	**Датум на завршување**
1.	**Хортикултурно уредување на дворната површина** ќе се реализира постапно и на делови на кои не се предвидени дополнителни активности во иднина. Предвидена е биолошка рекултивација, односно уредување со вегетација која единствено успева во ова подрачје и затревени. На тој начин, ќе се формира одржлив биосистем, кој во целост ќе се вклопи со околниот простор. Со цел да се осигура успешно зазеленување, предвидена е грижа и нега на младата култура, што е посебно важно во првите 4-5 години по садењето. Особено се важни следните одгледувачки мерки и работи: • Замена на неприфатените и осушени садници со што се регулира густината на пошумувањето. • *Прашење и плевење*, односно окопувањето, за подобрување на условите за развој на садниците. Оваа активност треба да се врши најмалку во следните три години по садењето. • *Полевање и прихранување* треба да се усогласи со реалните потреби на садниците (водниот дефицит е најопасен во првите недели по садењето) и метеоролошките услови. Дополнително во рамки на оваа мерка предвидено е на дел од дворните површини во Силпен СТ Кратово да се создаде мини расадник на кој би се одгледувале млади	Континуирана активност

	садници кои ќе се користат како за зазеленување на дворот на Силпен, така и за донирање на јавни зелени површини во Кратово.	
2.	**Подобрување на процесот на примарна селекција на отпад** Согласно со Законот за управување со отпад, Силпен СТ ДООЕЛ Кратово ќе преземе дополнителни мерки за примарна селекција на отпад и тоа: • Поставување на контејнер за картон • Поставување на контејнери за стреч фолија Дефинирање на одделен простор за времено складирање на отпаден метал и други поединечни фракции Дополнителна активност во рамки на оваа мерка за подобрување е и обука на сите вработени во Силпен СТ ДООЕЛ Кратово за постапување со отпад	Август, 2022
3.	**Имплемантација на систем за управување со животна средина согласно со ISO 14001** Со имплементирање на системот ке се потврди и документира грижата што Силпен СТ ДООЕЛ Кратово ја води за заштита на животната срдина. Имплементирањето на системот е предвидено во сите делови на инсталацијата. Имплементацијата ќе ја спроведуваат вработените со стручна помош на консултант	Јули, 2024
4.	**Изработка на план за RECP (Resource Efficient and Cleaner Production) ефикасност на ресурси и воведување на почисто производство преку принципите на циркуларна економија**. Целта е да се намалат трошоците за енергија, да се минимизираат загубите на суровини и да се минимизира создавањето на отпадот со што ќе се зголеми конкурентноста на работењето. При реализација на оваа мерка ке се користи соодветна софтверска алатка за следење на напредокот.	Јули, 2025

8.8.3 Операторот ќе ја спроведува програмата за подобрување која е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

9.Договор за промена во пишана форма

9.1.1 Кога својството (или како што е договорено написмено) се користи во услов на дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а) Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релвантниот(те) дел(ови) одо ваа дозвола и

б) Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена(вклучувајќи и создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според услови 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган,може да се имплементира само откако операторот му дадена Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената.Почнувајќи од тој датум,операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

Додаток 1

Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања),согласно условот 5.1.2.
Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да ги задоволи условите 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерените единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата.Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива,треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијалнаа доверливост во согласно со Законот за животна средина

Потврдата треба да содржи:

Дел А

- Име на операторот
- Број на дозвола.
- Локација на инсталацијата
- Датум на доставување на податоци.
- Време, датум и локација на емисијата.
- Карактеристички и детали на еметираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува
- Најдобра проценка на количина или интензитетот на емисија, и време кога се случи емисијата
- Медиум на животната средина на која што се однесува емисијата.
- Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

- Други попрецизни податоци за предметот известен цо Делот А
- Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем
- Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирани или спречување на загадување или штета на животната средина што може да се случи како резултат ма емисијата.
- Датум на сите известувања од Делот А за време на преходните 24 месеци.

- ИМЕ
    - ИМЕ
    - ПОТПИС
    - ПОШТА
    - ДАТУМ

    - Изјава дека потпишаниот е овластен да птпишува во име на операторот.

Додаток 2

Извештај за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

ТабелаД2: Извештај за податоците од мониторингот			
Параметри	**Точка на емисија**	**Период за давање извештаи**	**Почеток на период**
Мерење на концентацијата на цврсти честички со големина од десет микрометри (ПМ10)	На локација:ММ1,	Во рок од 14 ден после извршеното мерење	Еднаш годишно
Мерење на бучава	На локација:ММ1,	Во рок од 14 дена после извршеното мерење	Еднаш годишно